Република Македонија
**Министерство за внатрешни работи**

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

КЗ

рег. бр. 13.1.1 71003/1
18 10 2017
Скопје

**ДО**
**МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ**
**ул. Донбас бр.14/1-6**
**С К О П Ј Е**

**Предмет:** Мислење, доставува-

Генералниот секретаријат при Владата на Република Македонија до Министерството за внатрешни работи достави **Предлози и препораки од Македонско здружение на млади правници за Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2018.**

Ве известуваме дека Министерството за внатрешни работи го разгледа материјалот и Ве известуваме за следното:

1.Во однос на областа 7 „Заштита на човекови права на странци", во врска со предлог мерката за *„воспоставување механизам за судска проверка на законитоста и уставноста на лишување од слобода на бегалците и мигрантите"* на мислење сме дека истото не треба да се прифати од причина што:

- правата и обврските на сите граѓани, вклучувајќи ги и странските државјани (со законски и незаконски престој) се регулирани со националното законодавство. За време на нивниот престој во Република Македонија должни се да се придржуваат до Уставот на РМ, законите, други прописи и одлуки на државните органи, како и во согласност со меѓународните договори кои се ратификувани во согласност со уставот;
- Што се однесува до Прифатниот центар за странци, истиот е формиран и функционира согласно одредбите содржани во Законот за странците („Службен весник на Република Македонија" број 35/06, 66/07, 117/08, 92/09, 156/10, 158/11, 84/12, 13/13, 147/13, 147/15 и 217/15). Согласно истиот Закон, овој објект не е наменет за „лишување од слобода на бегалци" туку за привремено задржување на странци под услови предвидени со одредбите на истиот Закон. Воедно, регулирани се и правото на жалба по Решение за привремено задржување како и можноста за поведување на управен спор, поради што сметаме дека механизмот за проверка на законитоста на задржувањето е воспоставен и функционира во пракса;

Министерство за внатрешни работи

ул.Димче Мирчев бр.9
Скопје

Тел. (02) 3111 042
Факс: (02) 3143 400
www.mvr.gov.mk

-Законот за странците и Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 49/03, 66/07, 142/08, 146/09, 166/12, 101/15, 152/15, 55/16, 71/16), се во голема мера синхронизирани со ЕУ стандардите во оваа област. Во тек е процедура на изготвување и усвојување на нови Закони со што повеќе ЕУ директиви ќе бидат транспонирани во нив, и истите дополнително ќе се синхронизираат со ЕУ стандардите во повеќе области, вклучувајќи ги и условите, процедури и жалбените постапки при привремено задржување на странци и баратели на азил;

2.Во однос на образложеението за предлог мерката, наведено е дека во 2015 и 2016 година 1735 бегалци и мигранти биле задржани во Прифатниот центар за странци и со тоа лишени од слобода, дека за времето на нивното задржување мигрантите и бегалците немаат пристап до правна помош и можност да поднесат барање за признавање право на азил во Република Македонија итн., Ве информираме за следното:

- Во Прифатниот центар за странци не се сместуваат лица лишени од слобода, ниту бегалци, туку привремено се задржуваат странски државјани. На ниту едно од привремено задржаните лица не му е ускратено правото да поднесе барање за азил. Во 2016 година од вкупно 378 странски државјани задржани во ПЦС, 346 поднеле барање за азил и биле префрлени во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово;

- во врска со пристапот до бесплатна правна помош, МЗМП и UNHCR (чија партнерска организација е МЗМП) на неделна основа испраќаат барања за посета на лицата сместени во Прифатниот центар за странци, токму со цел разговор со задржаните лица и обезбедување на бесплатна правна помош. Досега им е позитивно одговорено на сите барања, односно ниту еднаш не се спречени во намерата да го посетат објектот. Со оглед на тоа што барањата за посети се однесуваат на различни денови во неделата, практично се реализираат посети два пати неделно (по потреба и повеќе). Само во 2017 година реализиранни се 17 посети на претставници на МЗМП и 6 на делегации на УНХЦР (во различни термини), а причина за малиот број на реализирани посети е бидејќи во еден подолг временски период немаше задржани лица во Центарот за странци па МЗМП и UNHCR не ги реализираа најавените посети иако имаа одобрение за тоа.

Покрај МЗМП и UNHCR, Прифатниот центар за странци редовно го посетуваат и претставници на IOM, Црвен Крст, Комитет на ОН против тортура итн.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
Оливер Спасовски

**Изготвил:** Ирена Николоска
**Контролирал:** Весна Исајловска-Наумовска
**Согласен:** Снежана Петровиќ-Арсовска
**Одобрил:** Весна Доревска